**СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ**

# О Д Л У К А

за определување на надомест на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје

Скопје, јули 2024 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 470 / 31.5.2024 г., пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седница одржана на 16.7.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

за определување на надомест на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје го определува износот на надомест за работата на членовите на Надзорниот одбор во следниот износ (нето):

    a. За позицијата Претседател на Надзорниот одбор: вкупен годишен нето износ од 20,000 евра.
    b. За позицијата член на Надзорен одбор кој истовремено е Претседател на одбор оформен од страна на Надзорниот одбор: вкупен годишен нето износ од 12,000 евра.
    c. За позицијата член на Надзорен одбор: вкупен годишен нето износ од 10,000 евра.

2. Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето.

С.О. Бр. 489
16.7. 2024
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседател**
Јелена Саздовска

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно Законот за банки и Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (СБ), надоместокот за работата на членовите на Надзорниот одбор го определува Собранието на акционери, следејќи ги принципите од Политиката за наградување на Банката.

**Постоечка структура на наградување**

Согласно последната одлука на Собранието на акционери од август 2012 година, членовите на Надзорниот одбор имаат право на надомест во нето износ од 400 евра месечно.

**Причини за промени**

Со оглед на развојот на банкарството, постои потреба да се прилагоди надоместот на членовите на телата на Банката со пазарните нивоа. Дополнително, одговорните на Надзорниот одбор се значително зголемени, изискувајќи ревизија на нивниот надоместок.

Следствено, со цел да се обезбеди и фер пристап и да се подготви конкурентен предлог, Банката спроведе истражување на пазарот и останатите банки. Оваа анализа, во комбинација со Целниот профил на Надзорниот одбор, претставуваше основа да се предложи промена во наградувањето на независните членови и/или членовите кои не се повеќе вработени од НБГ Групацијата.

**Предлог**

- За позицијата Претседател на Надзорниот одбор: вкупен годишен нето износ од 20,000 евра.
- За позицијата член на Надзорен одбор кој истовремено е Претседател на одбор оформен од страна на Надзорниот одбор: вкупен годишен нето износ од 12,000 евра.
- За позицијата член на Надзорен одбор: вкупен годишен нето износ од 10,000 евра.

Членовите на Надзорен одбор кои се вработени во НБГ Групацијата немаат право на надомест за нивната работа, односно нивниот статус останува непроменет како досега.

**Заклучок**

Предложената измена во структурата и износите на наградување на членовите на Надзорниот одбор ќе доведе до прилагодување на Банката со стандардите на пазарот и препознавање на зголемените обврски на Надзорниот одбор. Следствено, се предлага на Собранието на акционери да го одобри овој предлог со кој ќе се обезбеди дополнителна ефективност, лојалност, и задоволство во работењето на членовите на Надзорниот одбор.

**Скопје, јуни 2024 година**